ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 10-241/6**

**Дата: 29.02.2012**

ДО
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

### Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Собранието на Република Македонија (во натамошниот текст Собрание), сметка на основниот буџет (631) за 2010 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Собранието за сметката на основен буџет (631) за годините кои и претходат на годината предмет на ревизија.

Изразивме позитивно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и позитивно мислење во однос на усогласеноста со законските прописи во финансиските трансакции за 2010 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 5 и 6 заедно со ревизија на усогласеност на Собранието на Република Македонија сметка на основен буџет (631), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитални средства за 2010 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Собранието за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Трајко Вељановски, Претседател на Собранието на Република Македонија од 21.06.2008 година и
- Жарко Денковски, Генерален секретар на Собранието на Република Македонија од 29.01.2007 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите

материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (631) на Собранието на Република Македонија се користени за планираните намени. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

2.4. При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.5. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена на ден 15.12.2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Собранието на Република Македонија сметка на основен буџет (631) на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности и паричните текови во годината за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Собранието на Република Македонија, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1 | 352 | 332 |
| **Вкупно приходи** | | **352** | **332** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2 | 329 | 4 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **329** | **4** |
| **Вкупно расходи** | | **329** | **4** |



______________________________

______________________________ ______________________

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | | **во 000 денари** |
|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2010** | **2009** |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 22 | 328 |
| Побарувања | 4.1.2. | 5 | 28 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 16 | 54 |
| **Вкупно тековни средства** | | **43** | **410** |
| **Вкупна актива** | | **43** | **410** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 16 | 54 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 27 | 356 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **43** | **410** |
| **Вкупна пасива** | | **43** | **410** |



______________________________

______________________________ ______________________